# СО СЕКОЕ НОВО ДЕЛО ТЕЖНЕАМ ДА СЕ НАДМИНАМ СЕБЕСИ!

**- Верувам дека самото поднебје во кое човекот се раѓа влијае врз неговите склоности и неговата личност. Ова не го говорам од аспект на теоријата на психологијата за градењето на карактерот под влијание на животната средина, туку од аспект на влијание кое за луѓето е непознато. Кавадарци едноставно има традиција да раѓа уметници - вели младиот сликар Горан Боев. Иако има само 25 години, Горан, како нов лик на македонската ликовна сцена, се разликува од своите врсници (а и оние постарите!), благодарение на посебен стил и израз, кој најмногу се огледа во неговите фази на академизам и хиперреализам. Сепак, она по што Боев најмногу се разликува од колегите се женски актови, кои ги прикажува на еден посебен начин...**



Во годината кога го прославува својот 25-ти роденден, младиот сликар од Кавадарци **Горан Боев** (инаку, најдобар студент на ФЛУ во Скопје во академската 2004/05 година), го започнува новото поглавје во својата кариера со циклус актови на кој жената е прикажана на еден поинаков начин. Паралелно со тоа, работи и како асистент за арт и дизајн при Европскиот универзитет, надевајќи се дека еден ден во Скопје ќе има голема изложба. Сепак, иако за младите луѓе денес не би можело да се каже дека се премногу скромни, Горан и по тоа се разликува од својата генерација, а засега единствена желба му е со секое ново дело да се надмине себеси...

■ **Освен дека одлично сликаш, дека си од Кавадарци и дека имаш само 25 години, македонската јавност за тебе не знае речиси ништо. Па, кој е всушност Горан Боев?**

● Јас сум млад уметник, дипломиран на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, човек со неизмерна љубов кон сликањето и животот. Уметник сум кој напорно работи и кој се труди секое дело кое го изработува да изгледа што подобро и поубаво. Завршив средно училиште за применета уметност и Факултет за ликовна уметност во Скопје. Досега имам реализирано неколку самостојни изложби во земјата и учествувано на повеќе групни во земјата и надвор од неа...

■ **Велат дека сликарите се најсреќни уметници, бидејќи нивната работа не зависи од никого. Доволен е само талентот, добрата волја, и прибор за сликање. Па, кои беа причините ти да почнеш да сликаш?**

● Сликањето како начин на изразување како да ми беше предодредено. Сликам од најраното детство. Моите родители велат дека првите цртежи сум ги направил на петгодишна возраст. Желбата за сликање ми беше со силен интензитет, не можев да престанам да сликам. До моето запишување во училиштето за применета уметност „Лазар Личеноски" воопшто не работев со боја, односно само цртав. Кога открив што сè може да се постигне со бојата, веднаш се заљубив во неа и за кратко време успеав да надоместам сè што имав пропуштено претходно. Почнав доста смело да експериментирам со спектарот на бои...

А, кога сме кај среќата, таа е индивидуална работа. Луѓето ги радуваат различни нешта. Јас сум среќен по добро завршена работа, кога празното бело платно ќе се претвори во интригантна приказна, со јасен концепт и идеја. Е, тоа е тоа што мене ме прави среќен. Разликата со скулпторите е можеби само во однос на материјалот кој се користи и условите за работа со кои може да се импровизира, па би можело да се каже дека сликарот е посреќен од скулпторот или графичарот. Но, во современата уметност границите се избришани. Едно уметничко дело може да биде во иста мера сликарско, колку и вајарско и графичко.

■ **Дипломец си на ФЛУ, во класата на Благоја Маневски. Што научи на Ликовната академија во Скопје? Колку истата е важна за секој ликовен уметник?**

● На ФЛУ може многу да се научи за уметноста, теориски и практично. За секој ликовен уметник академијата е важна затоа што го воведува во самиот ликовен јазик и техника. Таа за уметникот претставува потпора од знаења за понатамошно творење. Од големо значење е и дружбата со колегите во која се разменуваат различни идеи, а и со самите професори кои ги споделуваат своите искуства.

■ **Во периодот 2004-2005 година беше прогласен за најдобар студент. Што придонесе за таа, неформална титула - оценките или она што го имаш сработено, од што, повторно зависат оценките?**

● Најдобар студент на секој факултет се одредува според просекот на оценките што ги има студентот, односно самиот просек е критериум за квалитет. Сепак, повеќе сум задоволен од фактот дека она што јас го работев за време на моите студии беше прифатено и вреднувано од страна на моите професори.

■ **Доаѓаш од Кавадарци. Од кого ја наследи љубовта кон сликањето? Имаше ли во**



**„Иако сум бил под импресии на повеќе познати сликари, никогаш не сум посакал некоја нивна слика да биде мое дело ниту да сликам на ист начин како што умееле тие. Секогаш сум се стремел мојот начин да биде различен, но во квалитетот да биде колку што може поблизок до нивниот", истакнува Горан Боев, запрашан за тоа дали некогаш посакал некоја туѓа слика, тој да ја насликал...**









**Иако со почетоците на Горан се врзуваат сликите на кои се обидел да направи спој на неспоиви работи, а често бил фасциниран и од херојски теми, во новиот циклус на овој млад уметник од Кавадарци доминираат женски актови, кои се сосема поинакви од класичното претставување на женското тело**













**твоето семејство сликари или талентирани за оваа уметност?**

• Не потекнувам од сликарско семејство, но и двајцата мои родители имаат чувство за цртање и естетика, што значи дека имам одредена генетска предиспозиција. Но, без конкретен поттикнувач во семејството кој би те насочил кон одредена активност сметам дека бесцелно е да се истражува раѓањето на љубовта кон што и да е, затоа што тоа се случува потсвесно во раното детство. Исто како да се очекува одговор од мало дете за она што го привлекува...

■ **Колку самиот град од кој доаѓаш влијаеше и ти помогна да го пронајдеш сликарот во себе?**

• Верувам дека самото поднебје во кое човекот се раѓа влијае врз неговите склоности и неговата личност. Ова не го говорам од аспект на теоријата на психологијата за градењето на карактерот под влијание на животната средина, туку од аспект на влијание кое за луѓето е непознато. Кавадарци едноставно има традиција да раѓа уметници. Тоа го потврдуваат и големи имиња од овој крај: Мазев, Чемерски, Шемов, Стефанов, Темкова...

■ **Добитник си на наградата „26 Јули - Франк Манинг". За какво признание станува збор?**

• Оваа награда ја добив по прогласувањето на најдобар студент на сликарски отсек, затоа што ФЛУ има четири отсека, и тоа е всушност наградата со која се прогласува најдобар студент на факултетот. Наградата ја дава лондонска фондација и се добива од страна на ректорот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

■ **По фазите на академизам и хиперреализам, во која насока во иднина ќе се движи твојата уметност? Постои ли правец кој не си го работел, а би сакал? И кои се твоите топ-5 ликовни уметници на сите времиња?**

• Она што сега го работам се разликува од претходниот начин на работа. Човекот останува тема и во моите нови дела, но самиот интерес кон него е различен од претходниот што резултираше и со промена на самиот ракопис, односно стил на изразување. Значи, ова е една почетна фаза од еден стил кој понатаму би го развивал.

Кај мене лично не постои тенденција за поддржување на некој правец во сликарството. Не би можел да ги набројам моите топ-5 уметници затоа што не може да се врши споредување на различни уметници од различни епохи. Проценувањето и вреднувањето во уметноста е само субјективно мислење, затоа што не постои дефиниран критериум за таква класификација. Би можел да кажам дека ми се допаѓа сликарството на Климт, Шиле, Бејкон, Модилјани..., но во иста мера ми се допаѓаат и класичните мајстори.

■ **Од каде доаѓа твојата фасцинираност со актови, кои ги прикажуваш мошне поинаку од класичен начин?**

• Она од што бев фасциниран за мојот нов циклус на слики на кои се прикажани актови со одредена трансформираност и намерна нелогичност во својата анатомија произлезе од мојот интерес за внатрешните психички збиднувања во човекот кои влијаат врз неговиот физички аспект. Значи мојата фасцинација произлегува од одредени психофизички состојби и расположенија на човекот кои сакам визуелно да ги прикажам. Но јас не се осврнувам на причините за одредена состојба и не барам одговори. Затоа и човековата препознатлива форма во моите слики постепено преминува само во еден нагласен елемент во една нереална средина.

■ **Зошто женските актови што ги сликаш се далеку од совршени фигури?**

• Целта ми е да дадам еден визуелен приказ за одредени внатрешни расположенија кои симболично го трансформираат женскиот акт до ниво на еден органски „објект". Значи, интересот не е свртен кон надворешниот изглед, но сепак големо внимание посветувам на естетскиот аспект и задржувањето на сензуалните облини на женското тело.

■ **Бидејќи начинот на кој ги работиш актовите е скулптурален, постои ли можноста дека во иднина и ќе сликаш и ќе правиш скулптури?**

• Во моментов немам соодветни услови за да се занимавам со скулптура, но сепак имам желба некои скици да ги реализирам во три димензии. Би бил среќен доколку во иднина би можел да изработам неколку скулптури, за кои веќе имам и визуелна претстава како би изгледале.

■ **Како ја „оправдуваш" својата фасцинација од библиските мотиви кои доминираат на некои твои слики? Има ли слика што ја насликал некој друг, а ти би сакал да е таа твое дело?**

• Имам изработено само две слики со религиозна тематика на кои се забележува мојата воодушевеност од ренесансните мајстори и Рембрант. Нив ги изработив пред неколку години и тоа беше пред сè една проверка на мојата способност за изведба на една фигуративна композиција, затоа што гледајќи од аспект на изведба, еден од најтешките проблеми во сликарството е изработката на сложена реалистична фигуративна композиција. Инаку, иако сум бил под импресии на повеќе познати сликари, никогаш не сум посакал некоја нивна слика да биде мое дело ниту да сликам на ист начин како што умееле тие. Секогаш сум се стремел мојот начин да биде различен, но во квалитетот да биде колку што може поблизок до нивниот. Ова го зборувам за мојот ран сликарски период...

■ **Машките фигури кои ги сликаш знаат да бидат во ситуација со копја, како во првобитна заедница, а не ретко и со делови на некои стари воени униформи (шлемови). Дали сегашноста на уметниците не им дава доволно мотиви, па му се навраќаат на минатото, или...?**

• Мотивите што ги спомenувате се исто дел од мојот ран сликарски период, доколку можам така да го на-

речам, и нив ги работев во еден спој на класичен и импресионистички стил. Тогаш бев фасциниран од мајстори како Веласкез и Луј Давид и бев опседнат со романтично-херојски теми.

Идејата за која толку се зборува во уметноста не се однесува на темата или мотивот за самата слика, туку се однесува на начинот на кој е изведен или прикажан самиот мотив. Затоа и самата мисла на Кандински и на многу други, која вели дека секој уметник е дете на својата епоха и треба да го прикаже времето во коешто живее ми изгледа како домашна задача.

Уметноста е безвременска, и мотивот воопшто не е важен. Важна е само неговата реализација.

**■ Што те поттикнува на одделни слики да правиш исклучителни спови, како балерина на отпад со коли со две свињи, или девојка во костим за капење и возач на болид, на кои не им се гледаат главите?**

● Споменатите слики се дел од мојата дипломска работа. Она што сакав да го постигнам со ваквиот концепт беше да создадам една нелогична димензија во која ќе доминираат реалистично прикажани луѓе и објекти, за која ќе биде неизбежно метафорично толкување, но која ќе дозволува повеќе аспекти на анализирање на нејзината суштина.Тоа значи дека јас не сакам да ја насочувам мислата на набљудувачот, туку на сликата сакам да ѝ дадам функција на огледало. Начинот на којшто посматрачот ја толкува сликата, она што во неа го пронаоѓа, начинот на којшто размислува, тоа е тој, а не авторот.

**■ Луѓето кои ги виделе твоите слики велат дека си подготвен за една убава изложба во Скопје. Постојат ли планови за такво нешто?**

● Досега имам реализирано неколку самостојни изложби во Кавадарци, една во Штип и Пробиштип, и сум бил учесник на групни изложби во повеќе градови низ Македонија и надвор од неа. Имам желба да направам изложба и во Скопје, како центар на културно-уметнички збиднувања во државата, доколку реализирам уште некои свои идеи на платно, и се разбира доколку остварам соработка со некоја галерија или институција.

**■ Што те очекува во блиска иднина, на професионален и на приватен план?**

● Во однос на иднината се надевам на добри работи. Моментално работам како асистент на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, кој важи за една од најквалитетните институции за високо образование во државата. Дизајнот (графичкиот, модниот, дизајнот на ентериер), е професија која го доживува својот процут во светски рамки, и јас сум среќен што како асистент по предметите цртање и сликање ќе можам да дадам свој придонес во изградбата на младите генерации на дизајнери кои визуелно ќе го обликуваат светот во кој живееме.

Во сликарството сакам да го остварам тоа што го имам замислено како своја цел, и по можност да се претставам со самостојна изложба надвор од државата.

**■ Што е тоа за кое секој сликар постојано мечтае и копнее? Што треба да се случи за да кажеш - е сега сум комплетно среќен човек?**

● Сликарот којшто навистина е посветен на својата работа, најверојатно мечтае со секое свое дело да се надминува самиот себеси. Не би знаел да кажам што треба да се случи за човек да биде комплетно среќен. Иако моите години можеби не ми допуштаат да мудрувам со филозофски констатации, сепак сметам дека најблиску до среќата е оној што постојано се труди да направи подобро од претходното, затоа што во самиот порив, во самата мотивираност е неговата среќа и сатисфакција...

**Иван Беќковиќ**




